Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

______________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 445-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 15.06.2023 година**

Седницата се одржа на ден 15.06.2023 година со почеток во 10.30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;  online присутна
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева,** член
- **м-р Селим Адеми**, член;

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд, уредно поканет
- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет
- **м-р Миљазим Мустафа**, член, оправдано отсутен
- **Павлина Црвенковска**, член, оправдано отсутен
- **м-р Тања Чачарова Илиевска,** член, оправдано отсутен.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секретар;
- **Јулијана Георгиевска**, Државен советник;
- **Александра Шоптрајанова**,

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство и тоа:

- Преставник од **Институт за човекови права**;
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**.

Согласно чл. 8 ст.1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Сашко Георгиев**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата предложи Дневниот ред за 445-та седница да се измени и дополни со нова точка на дневен ред под 1. Информација за потребата од итно превземање на активности од страна на Судскиот совет за спроведување на психолошки тетс и тест за интегритет .Предлогот го стави на гласање и по гласањето се констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен .

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

Откако се констатира дека никој не се јави за збор претседателот на Советот **Сашко Георгиев** предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за потребата од итно превземање на активности од страна на Судскиот совет за спроведување на психолошки тест и тест за интегритет,
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
3. Одлучување по барање на судија за надомест на трошоци за закупнина на стан;
4. Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен кривичен суд Скопје поради истек на мандат;
5. Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје;
6. Донесување на Одлуки за измена на Комисии;
7. Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба и
8. Разно.

**Точка 1**
**Информација за потребата од итно превземање на активности од страна на Судскиот совет за спроведување на психолошки тест и тест за интегритет**,

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** извести дека со оглед да по однос на Информацијата од Нацрт записник на Владата на 13.06.2023 година и по однос на ова прашње отвори дискустија

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека по денешната добиена Информација од Владата која ја разгледа Информацијата за потребата од итно превземање на активности од страна на Судскиот совет за спроведување на психолошки тест и тест за интегритет,, ја усвои и му препорачуваа на Судскиот совет да продолжи со спроведување на психолошкиот тест и тест з а интегритет со постојните тела и институти преку кои биле истите спроведени до 2022 година се до моментот додека друга институција не поднесе барање до Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за нејзино акредитирање. Наведе дека со ова потполно Советот има право да донесе одлука за анекс договор за д а може да се продолжиме со работата за Академците и другите кандидати за судии .Според него нема пречка и Владата препорачува да с е продолжи затоа што нема друга алтернатива .

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека добро е што Владата после неколку месеци реагира на информацијата на Судкиот совет и по доставени неколку дописи и еве Владата с е произнесува .Читајќи го овој извадок од Нацрт записникот на Владата извести дека ќе гласа против и ќе го издвои мислење за кое побара да биде објавено на веб страната.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски.** Според него Информацијата добиена на писмено од Владата е јасна и претставува доволна основа за Судскиот совет да продолжи во остварување на своите активности . Смета дека е отстранета пречката поради која Судскиот совет бил во застој повеќе месеци. Имајќи ја предвид потребата од избор на судии а сите знаеме дека имаме готов кадар кој што наскоро треба да биде избран, неговиот предлог е денес да се пристапи кон усвојување на оваа информација а тоа би значело давање поддршка на Претседателот на советот со обврска да го потпише Анексот на договорот и Судскиот совет да биде деблокиран односно во најскоро можен рок имајќи го предвид дефицитот на судии, потребата од избор на судии во најскоро можен рок оваа обврска да се исполни. Смета дека нема пречка да се склучи Анекс Договор и да се продолжи со соработката со овие две институции.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** рече дека за него е дилема дали треба да се оди со Анекс или каде анекс има некое ограничување на време или тоа да продолжи согласно динамиката од веќе претходните договори односно анекси , затоа што како препорака стои да продолжи со спроведување .

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски.** и наведе дека имајќи ја предвид праксата на овој воспоставен облигационен однос и неспорен е фатот дека од моментот кога се воспоставени и е во примена полагањето на псиолошкиот тетс т тетс за интегритет има склучено два договори :Првиот е 2015 година мегутоа истиот со анекс договори е продолжуван до 2019година. Во 2019 година повторно е склучен ист договор со истите субјекти за 1 година но до прекина на овој облигационе однос е продолжуван со анекс .Правна основа за оваа соработка да продолжи е со склучување на анекс за период од една година е негов предолог .Доколку во овој период во мегувреме во иднина се сменат околностите Советот го задржува правото дали да го раскине договорот или да го продолжи имајќи во предвид дека може да дојде до измена на одредени услови. Мегутоа ако од 2019 гдоина до 12 месец 2022 година овој облигационен однос бил продолжуван со анекс мојот предлог е да продолжи со анекс за период од една година

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** кој е на мислење дека согласно досегашната пракса Инстутот сам че побара анкес договор да се потпишува. Ние треба да продолжиме , и ние денес со нашето гласање го задолжуваме Судскиот совет со обврска да ја продолжиме соработката со инстутуциите .Смета дека битна е одлуката дека сите сме согласно да се продолжи.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и го надополни колегата Ивица за кој наведе дека направил хронологија на склучените договори години наназад по кои и членовите на Советот полагале психолошки тестови. Години наназад истата компанија ги спроведува тестовите и досега немало проблем а како кажа и колегата Ивица последен анекс договор е склучен од претходната претседателка Павлина Црвенковска во 2021година и во кој стоеше дека се продолжува во рок од 3 години. Проблемот е настанат и од кои причини некои сметаат дека е во важност или не е во важност , само да нагласи дека на колегиумот на кој дискутиравме зашто се закочени кога имаме важечки анекс договор и дали можеме да продолжиме со нашата работа во дел на избори како на судии така и на претседатели на судови и на судии на повисоки судови, зашто е закочен овој процес имало различни мислења , не бевме идентични и сите на различен начин го читале што значи и која е важноста на анекс договорот од 2021 година. Мегутоа сега сме во друга состојба имаме Информација односно пас да се одблокираат процесите и смета дека воопшто не е пречка да се продолжи и вештачки создадената ситуација да се отстрани, а тоа што нив ги чека е остварување на функциите елементарни на Судски совет и надлежности изборот на судии и претседатели на судови. Наведе дека ќе гласа За затоа што смета дека е нужно потребно да се покажат резултати бидејќи овој Судски совет има капацитет и легитимитет да носи легитимнни и здрави одлуки

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека заради присутната јавност да информира дека никој не го блокирал овој процес бидејќи Судскиот совет уште во месец јануари или февруари ја пуштил Информацијата до Владата, по што следуваше уште еден допис и ургенција и се чекаше до овој момент Владата да постапи по Информацијата на Советот која беше доставена неколку месеци наназад. Наведе дека нема да се произнесе за причините поради кои нема да гласа но не би сакала да се стекне впечаток дека некој го блокира процесот, дека нема потреба од избор на судии има и те како има, но Судскиот совет не е виновник за досегашната состојба. Судскиот совет се направил во изминатите месеци да најде начин како да се реши проблемот а по однос дека не е најден начинот од страна на извршната власт, наведе дека ќе се произнесе во издвоеното мислење.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** се обрати до членот на Советот **Мери Радевска** за произнесување која  наведе дека се согласува со предлогот на Ивица да се одблокира процесот посебно  за изборот на Академците.

Откако друг не се јави за збор,  претседателот  на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот да се склучи анекс договор со веќе дадените напатствија да се продолжи сппроведување на психолошкиот тест и тест за интегритет со постојните институции односно со Институт за социолошки и политичко-правни истражувања и со Виста која го спроведува ова тестирање.

По гласањето претседателот на Советот  констатира дека со 7 гласа „За“ и 1 глас „Против“ Советот одлучи да се склучи Анекс Договор со веќе постојните институции со кои биле спроведувани овие тестови  се до 2022 година.

Претседателот на Советот премина на точка 2 од дневниот ред.

**Точка 2**
**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека за Славчо Тасев , судија на Апелациониот суд Штип и Владо Дејановски судија на Основен суд Охрид се исполнети услови за престанок на судиска функција  поради исполнети услови за старосна пензија со навршени  64 години .Наведе дека од страна на судијата Владо Дејановски по емаил адреса во текот на вчерашниот ден е доставено барање за пролонгирање и да се констатира престанок во месец јули 2023 година од причина што од 01.07.2023 година ќе има разлика во пензијата , тоа е негово барање а законот е јасен.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија по наведеното барање од судијата.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека законот го третира ова прашање и што има потреба да се пролонгира но ова ова пензионирање еврз основа на закон и така треба да постапиме , но мора да сме доследни на законската одредба.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** потенција дека согласно член 54 став 2 од Законот за Судскиот совет е предвидено дека Советот престанокот на судиската функција го констатира на првата наредна седница , а воедно согласно член 73 став 2 од законот за судовите стои дека Судскиот совет најдоцна во рок од 10 дена од денот на дознавање на случаите од ставот 1 помеѓу кои и дека ги исполнува условите за старосна пензија утврдува престанок на судиска функција. Со оглед да судиите исполнуваат услови за старосна пензија и тоа на 07.06.2023 година судијата Владо Дејановски, а на 05.06.2023 година судијата Славчо Тасев  се предлага да се донесе одлука за престанок по наведениот основ .

Откако никој не се јави за збор се констатира дека е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Славчо Тасев , судија на Апелациониот суд Штип на 15.06.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Владо Дејановски судија на Основен суд Охрид на 15.06.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 3**
**Одлучување по барање на судија за надомест на трошоци за закупнина на стан**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека се работи за барање од судијата за надомест на трошоци за закупнина на стан од страна на судија Имсале Хасани од Управен суд со прилог анекс договор. Претходно било одобрено вакво барање и нема пречки да се продолжи со ова право на закупнина на стан .

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија и откако никој не с ејави з абор го стави предлогот на гласање.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ усвоен е предлогот и се констатира дека е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на судија Имсале Хасани за надомест на трошоци и се уважува.

На Имсале Хасани судија на Управен суд и се признава правото на надоместок на закупнина за стан во износ од 240 евра месечно сметано од 01.06.2023година до 01.06.2024година.

Висината на износот на закупнина за наведениот стан изнесува 240 евра месечно во денарска противвредност сметано по среден курс на Народна банка на РСМ.

**Точка 4**
**Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник на Основен кривичен суд Скопје поради истек на мандат**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека со оглед да членот на Советот Мери Радевска како координатор треба да се произнесе по оваа точка а истата е вклучена на седницата онлине, со согласноста на координаторот кој е онлине присутна на седницата по оваа точка предлогот го презентира претседателот на Советот. Ги запозна членовите дека од страна на претседателот на Основен кривичен суд Скопје доставено е предлог за престанок на функција на судии поротници поради истекот на мандат на 19.06.2023 година .Наведе дека согласно член 80 став 2 од Законот за судовите, Судскиот совет најде дека се исполнети условите за утврдување престанок на функцијата судија поротник во Основниот кривичен суд Скопје на Сузана Цилеска, Елена Минчева, Славица Методиева,Весна Цветковска и Катерина Митковска избрани со одлука на Советот од 19.06.2019 година

.Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија и откако никој не с е јави за збор го стави предлогот на гласање.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ усвоен е предлогот и се констатира дека е донесена следната

О Д Л У К А

На Сузана Цилеска, Елена Минчева, Славица Методиева, Весна Цветковска, Катерина Митковска избрани за судии поротници на Основен кривичен суд Скопје со одлука на Судскиот

совет на РМ бр.02-1079/1 од 19.06.2019 година им престанува функцијата судија поротник поради истек на мандатот на 19.06.2023 година.

**Точка 5**

**Донесување на Одлука за избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека со оглед да членот на Советот Мери Радевска како координатор треба да се произнесе по оваа точка а истата е вклучена на седницата преку вибер, со согласност на истата како координаторот на работата на Основен кривичен суд Скопје истиот го презентира предлогот.

Наведе дека согласно член 42 од Законот за судови судиите поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на РСМ под услови и постапка утврдени со закон, согласно член 36 став 1 алинеја 4 од Закон за Судскиот совет Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници а во член 53 од истиот закон Советот избира и разрешува судии поротници на предлог на Претседателот на судот. До Судскиот совет претседателот на Основен кривичен суд Скопје постапувајќи по член 53 став 1 од Законот за Судскиот совет со допис Су бр 239/23 од 08.06.2023 година достави Предлог листа на кандидати за избор на судии поротници кои ги исполнуваат законските услови за вршење на функцијата судија поротник регулирани во член 42 од Законот за судовите.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија и откако никој не се јави за збор го стави предлогот на гласање.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За" и ниту еден глас „Против" , од кои 4 гласа "За" од мнозинство усвоен е предлогот и се констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани Сузана Цилеска, Елена Минчева, Славица Методиева, Весна Цветковска и Катерина Митковска .

Оваа одлука влегува во сила од 20.06.2023година

**Точка 6**
**Донесување на Одлуки за измена на Комисии**

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека со оглед да треба да се изврши избор на нови членови во Комисиите во кои беа избрани членовите на Советот Мирјана Ристевска Стефкова и Зоран Герасимовски се пристапи кон ждребување за избор на претседател на Комисијата за проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на уредноста на документите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители, и избор на членови на Комисиите за редовно оценување на работата на судиите и претседателите на судовите во РСМ за 2019, 2020, 2021 и 2022 година .

По однос на одлуката бр 09-1165/1 од 05.06.2023 година претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека треба да се спроведе ждребување од членови на Советот од редот на судиите освен судија Лорета Горгиева која веќе е член на оваа Комисија **.**

По однос на Комисијата за редовно оценување формирана со одлука бр бр 09-446/1 од 22.02.2023 година каде членуваа Мирјана Ристевска Стефкова и Зоран Герасимовски од ждребување за Комисијата з а оценување на претседатели на апелационите судови да се изземе судијата Мери Радевска која веќе е претседател на оваа Комисија.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** кој е на мислење дека од технички аспект со ждрепка може да се дуплира изборот на членовите со оглед да се 9 члена. Со оглед да

во второстепената комисија се Ивица Николовски и Сашко Георгиев тие да се изземат од изборот со ждрепка, но со оглед да трите Комисии работат заеднички па не е проблем да се избере било кој член, и може со избор да се повтори еден член да биде и во трите комисии.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека треба да се внимава само на колегите од Комисијата за повторно оценување да не се членови во првостепените комисии и дека не е проблем било кој од членовите од редот на судиите да се дуплира и да членува во двете првостепени комисии.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев п**о спроведеното ждребување го стави на гласање изборот на Ханиф Зендели за претседател на Комисијата за проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на уредноста на документите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители, и за избор на Лорета Горгиева и Мирсад Суроји-членови на Комисиите за редовно оценување на работата на судиите и претседателите на судовите.

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ се донесе следната:

О Д Л У К А

За измена и дополнување на одлуката на Судскиот совет на РСМ бр. 09-1165/1 од 05.06.2023 година со која се формира Комисијата за проверка на навременоста на пријавите и комплетноста на уредноста на документите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители, наместо Зоран Герасимовски – претседател на Комисијата треба да стои Ханиф Зендели – претседател на Комисијататреба да стои

О Д Л У К А

Во одлуката бр 09-446/1 од 22.02.2023 година во Комисиите за редовно оценување на работата на судиите и претседателите на судовите во РСМ за 2019, 2020, 2021 и 2022 година наместо Мирјана Радевска Стефкова – член на Комисијата треба да стои Лорета Горгиева – член на Комисијата, а наместо Зоран Герасимовски- член на Комисијата треба да стои Мирсад Суроји-член на Комисијата.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по однос на формирањето на Комисии по поднесени барања за утврдување на одговорност констатира дека ќе бидат на дневен ред на некоја наредна седница.

**Точка 7**
**Одлучување по Известување за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување одговорност на судија**

По оваа точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот да се донесе одлука да се исклучи јавноста по член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ .

По гласањето се констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“се исклучува јавноста по член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ .

**Точка 8**
**Разно**

1.Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека од страна на Шукри Сабриу, судија на Основен кривичен суд Скопје со датум од 14.06.2023 година поднесено е барање за

престанок на судиската функција по негово барање поради сериозни здравствени причини и стекнато право на инвалидска пензија.

По барањето од судијата, претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која предлага во одлуката на Советот да се образложи решението кое е донесено со кое се потврдува дека има постоење на инвалидност од прва категорија бидејќи работната способност е намалена за 100%. Ова решение добро е да биде во образложението бидејќи е од Фондот за пензиско и инвалиско осигурување и доставено сега на 26.05.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека нема потреба од таква додавка .Тоа би било во ситуација доколку Советот би го разрешил поради констатирано здравствени причини .

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** кој наведе дека ова е ирелевнатно со оглед да само се констатира престанок по негово барање.

Откако никој дург не с е јави за збор претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се констатира престанок на судиската функција на Шукри Сабриу,судија на Основен кривичен суд Скопје по сопствено барање заклучно со 15.06.2023 година.

2. Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** извести дека до Советот е поднесено известување од Основен кривичен суд Скопје како форма на барање од причини што ИКТ Советот а во врска со проектот за дигитилација на судството и интероперативилност побарано е кривичен суд да овозможи база на податоци за кривична евиденција за граѓани која се евидентира во АКМИС системот. Имајќи предвид дека Судксиот совет е орган кој ја контролира работата на судовите потребно е да се даде дозвола со која ќе му с е овозможи на Основен кривичен суд Скопје да му дозволи на ИКТ Советот користење на наведената база на податоци.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека ова на неколку колегиуми е разгледуваме и заклучивМЕ дека е дискреционо право на претседателот.Но ако сум грешка ако не е така ова барање е од 22.05.2023година не е од денес и неспорно е дека судскиот совет ја следи работата на судовите меѓѓтоа ингеренции з судксиот совет да с емеша во дискреционите права на претседателот нема .Не е ништо спорно и ако претседателот смета за потребно сам ќе го дозволи тоа, а Судскиот совет согласно член 36 нема можност да дава потврди дали да се дозволи на ИКТ користење на базата на податоци.Смета дека тоа е менаџерска активноста на претседателот на судот.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николоски** кој наведе дека не се согласува дека е ова дискреционо право на претседателот туку се работи за законска обврска на која до сега се гледа затворено меѓутоа ова не се однесува на слободен пристап на граганите туку за потребите на службите на оваа држави поврзани со потребите на граѓаните. Смета дека треба да му се даде одобрение затоа што тоа ке доведе до поголема функционалност на ова општетсво и со бара право одобрение од Судскиот совет затоа што Судскиот совет може а му поведе одогбрноет зашто постапува така а начинот како ќе дозволи слободен пристап е друго прашање

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** за да појасни од кои причини е поднесено барањето од претседателот до Судски совет. Имено се работи за барање з акористење на база на податоци како основа за издавање на уверенија на граѓани од кривична и од казнена евиденција. Исто такво од негова страна има и до претседателот на Врховен суд кој дал согласност во делот на податоци кои се од базата на податоци во Врховен суд во делот

на правосилните кривични осуди. Ова барање се однесува во делот на кривичната одговорност односно поконкретно дали против одредено лице  има обвинение односно обвинителен акт односно одбвинител предлог дали е влезен во правна сила. Со вакво барање сака да с е потврди дека има одобрение од нас како Судски совет дека може да бидат дадени на распологање за потребите на граѓаните податоците од кривична евиденција. Смета дека ова не е надвор од надлежностите на Советот барање е од ИКТ Советот но е за потребите на граѓаните и договорите за интероперабилност  кои одат преку Министертво за правда  а во правец на електронски издадени уверенија од казнената евиденција

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** смета дека кога веќе одобрил претседателот на Врховен суд кој не побарал одобрение од Судскиот совет и ова е во рамки на надлежностите на претседателот на судот.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** с е согласи со дискуцијата на членот на Советот Ивица Николовски  и смета дека нема штета да се даде заклучок дека Советот е известен и дека нема пречки да  постапува .

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која за да  реплицирам и нема да се произнесе по целта која на сите е позната и е неминовна мегутоа врз основа на која алинеја од член  36 да Советот одлучува  и ќе потврди, тоа е во надлежноста на претседателот ан судот . Предлага  да се извести со заклучок дека Судскиот совет нема проблем  граѓаните да ја користат базата на податоци ама за истото тоа одлучува претседателот на судот .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која предложи да  прибави информации  од ИКТ Советот и за ова да се дискутира на наредна седница.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** која предложи да се прибави соглансноста  од Врховниот суд и од други судови.

По дискусијата претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека Судскиот совет од Врховниот  суд да ја  прибави согласноста,  како и од ИКТ Советот за да може да се произнесе Советот на наредна седница..

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред се  констатира дека е исцрпен дневниот ред од 445-та седницата и истата заврши во 12,15 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сашко Георгиев**

Изработил: Јулијана Георгиевска, државен советник
Одобрил: Весна Толева , ВД Ген.секретар